# Жените-социјалистки од Кратово го одбележаа светскиот ден на Ромите



Во светот и во Македонија денес се одбележува 8 Април – светскиот ден на Ромите. По тој повод , Форумот на жени на Социјалистичката партија посети ромско семејство во Кратово и донираше облека и обувки за самохрана мајка со две дечиња.

-Одбележувајќи го светскиот ден на Ромите, Форумот на жените на Социјалистичката партија преку својот огранок во Кратово сака да даде свој придонес преку донација на обувки и гардероба на ромско семејство со самохрана мајка и две дечиња – истакна Гордана Накова од СПМ.

Ромите во Македонија ги срушија стереотипите и во споредба со останатите ромски заедници од светот, денеска ги уживаат сите права. Македонија е прва земја каде Ромите политички се интегрирани и активно се вклучени во сите институции. Македонија важи за лидер во европски рамки во почитување на правата на Ромите.

Оливер Арсовски

http://www.youtube.com/watch?v=Z-4vLTTcfXo

